ЌОР - ЗБОР
**ЉУБЕ БОШКОСКИ**



СО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОТИВНИЦИ ЛЕСНО СЕ СПРАВУВАМ, АМА НИКАКО СО "СОБОРЦИТЕ"!

ЌОР - ЗБОР
**ГОРАН ВЕЛИЧКОВСКИ**



МОЕТО МОТО Е: "ПРОШТЕВАЈ ИМ НА ДРУГИТЕ СЕКОГАШ, НО СЕБЕ СИ НИКОГАШ"!

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Од прав си настанал, во радиоактивна прашина ќе се претвориш.
- Во кој облик ќе воскреснеме кога во животот бевме сѐ и сешто.
- Потеклото од мајмун е приватна работа на секој од нас.
- Добро е што човекот не може да оди зад својата погребна поворка, бидејќи срцето ќе му препукне од жал.
- Господ Бог ги создал директорите, но тој факт дискретно го премолчал.



ПО СТАТИСТИКА ОВА Е ПРОСЕЧЕН МАКЕДОНЕЦ

## ВИЦОТЕКА

Во едно кафуле на "Златните песоци" во Бугарија, седат четворица Балканци и разговараат за што друго ако не за политика.

- Нашите политичари се вистински лавови, се фали Бугаринот.

- На нашите, пак, ни тигри не им се рамни, вели Србинот.

- Море, на нашиве само канџи им фалат, па ко орли да бидат, додава Косоварот.

Македонецот ги слуша и на крај констатира:

- Богами и нашиве ич не личат на луѓе.

## МАКЕДОН




БРАНКА и МИРО